( Образец ПП......)

До: <u>Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија</u>

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: Александар Панајотов, адреса: бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26 1000 Скопје, тел: 075 341 131, е-маил: panajotov@gmail.com

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Почитувани,

Се обраќам во името на стручниот тим од Global Conservation кој започна со изработка на посебна Социо-економска студија за Национален Парк Маврово која се спроведува со ЈУНП Маврово и МЖСПП, а ќе се искористи при изработка на нов Нацрт-План за управување со НП Маврово. За потребите на Социо-економска студија, Ве молиме да ни ги доставите следните информации:
1. Листа на планирани активности за развој на енергетска инфраструктура на територија на НП Маврово, со дефинирана локација и термин за изведување.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје,02.08.2023 година .** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од Александар Панајотов, бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26, Скопје, од 04.08.2023 година (стигнато преку екектронска пошта), Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-5041
21.08 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето на Александар Панајотов, бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26, Скопје, од 04.08.2023 година (стигнато преку екектронска пошта),, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Александар Панајотов, бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26, Скопје да се запознае со содржината на бараната информација во електронска форма по е-маил.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер Александар Панајотов, бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26, Скопје, до Министерството за економија доставил барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во согласност со член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), а бидејќи Министерството за економија не располага со бараната информација, на ден 04.08.2023 година го препрати барањето до АД МЕПСО во државна сопственост.

Барателот во името на стручниот тим од Global Conservation кој започнал со изработка на посебна Социо-економска студија за Национален Парк Маврово која се спроведува со ЈУНП Маврово и МЖСПП, а ќе се искористи при изработка на нов Нацрт-План за управување со НП Маврово . За потребите на Социо-економска студија бара да се достави следната информација:

1. Листа на планирани активности за развој на енергетска инфраструктура на територија на НП Маврово, со дефинирана локација и термин за изведување.

Информацијата ја бараат во електронска форма по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Одговор на барањето

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор
Syrija Rashidi

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател Александар Панајотов
Службени лица за посредување со ИЈК
Архива

**ПРИЛОГ**

1. Листа на планирани активности за развој на енергетска инфраструктура на територија на НП Маврово, со дефинирана локација и термин за изведување.

**ОДГОВОР:**
Во продолжение е информацијата за електропреносната мрежа на територијата на НП Маврово. Информацијата може да Ви послужи за изработка на посебна Социо-економска студија за Национален Парк Маврово која се спроведува со ЈУНП Маврово и МЖСПП, а ќе се искористи при изработка на нов Нацрт-План за управување со НП Маврово.

Во НП Маврово поминува дел од трасата на 110 kV далекувод ХЕЦ Вруток – ХЕЦ Шпиље.
Координатите на далекуводот се дадени во DWG датотеката.
Далекуводот ги има следните карактеристики:

- Година на градба 1964 година.
- Должина 45.6 km.
- 168 челично-решеткасти столбови.
- Спроводници ACSR 240/40 mm2.

Во Планот за развој на електропреносниот систем (https://www.mepso.com.mk/docs/pubmk/razvoen%20plan%202023-2032_20032023.pdf) е предвидена реконструкција на целиот потег ТС Полог – ХЕЦ Вруток – ХЕЦ Шпиље – ХЕЦ Глобочица – ТС Струга, како долгорочен проект, во период по 2028 година.